ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА, 4.10.2011г

ОТВАРАЊЕ НА АКАДЕМСКА СЦЕНА НА ФДУ 2011/2012

СООПШТЕНИЕ

Особено ни е задоволство, денес да Ве информираме дека во четврток на 6$^{ТИ}$ Октомври во 20ч. ќе започне новата сезона на Академската сцена на Факултетот за драмски уметности.

И досега нашата Академска сцена функционираше одлично, особено ако се има во предвид дека за секоја изведена претстава салата беше преполна.

Но, она што сега ја прави нашата Академска сцена поинаква е изборот на репертоарот и распоредот на изведбите и случувањата.

На Академската сцена, како во професионалните театри, три пати неделно во Четврток, Петок и Сабота, ќе се прикажуваат претстави и кратки филмови, реализирани од студентите на сите отсеци на ФДУ, а за репертоарот ќе има однапред изготвена програма.

Академската сцена е место каде ќе можат да се проследат студентските вежби и испитните творби на новиот бран актери, режисери, монтажери, камермани, драматурзи...

Она што не натера да ја отвориме оваа сезона со овие новитети е тоа дека во изминативе години од нас студентите на ФДУ, под менторство на нашите професори, излегоа театарски продукти (претстави, филмови), кои учествуваа на фестивали во земјата и надвор од неа и се враќаа со престижни награди, за кои за жал малку, или воопшто не е запознаена јавноста.

Целта ни е да се овозможи на сите заинтересирани да ги погледнат студентските изведби и реализации.

Се надеваме дека и Вие медиумите ќе бидете заинтересирани и Ви пружаме можност редовно да го следите репертоарот на веб страната на ФДУ ***www.fdu.ukim.edu.mk*** или на ***facebook*** профилот на Академска сцена.